Уп. Бр.08-56/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д., со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија доставено преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 23.03.2022 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д., со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, ќе стекне единствена контрола над Сбербанк банка д.д. со седиште на Дунајска цеста 128А, Словенија, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на на 04.03.2022 година, а дополнето на 15.03.2022 година и на 16.03.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д., со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА ќе стекне единствена контрола над Сбербанк банка д.д. со седиште на Дунајска цеста 128А, Словенија, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д** (НЛБ) е акционерско друштво и една од финансиските институции во Република Словенија, кое пружа широк спектар на банкарски услуги, вклучувајќи и други финансиски услуги во рамките на групата кои

опфаќаат банкарски услуги за население, банкарски услуги за деловниот сектор и други услуги. Дополнително, НЛБ дава услуги на управување со фондови и пензии, недвижности, инвестициско банкарство, како и други услуги.

НЛБ Групата во Македонија моментално има едно поврзано друштво: НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Мајка Тереза бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување.

**Сбербанк банка д.д.** е акционерско друштво и банка која дава банкарски услуги и други финансиски услуги (за население и деловен сектор).

**Сбербанк банка д.д.** нема поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**